# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 100 Год. LXII Петок, 22 септември 2006 Цена на овој број е 270 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1666. | **Одлука** за именување заменици на министри............................................... | 2 |
| 1667. | **Одлука** за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија......................... | 2 |
| 1668. | **Одлука** за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС СЕ)....... | 2 |
| 1669. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за надворешни работи........................................ | 3 |
| 1670. | **Решение** за разрешување од функцијата генерален секретар на Владата на Република Македонија......................... | 3 |
| 1671. | **Решение** за именување генерален секретар на Владата на Република Македонија.................................................... | 3 |
| 1672. | **Решение** за именување заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија............................. | 3 |
| 1673. | **Решение** за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија....... | 3 |
| 1674. | **Решение** за именување директор на Државниот завод за статистика............ | 3 |
| 1675. | **Решение** за именување директор на Државниот завод за геодетски работи | 3 |
| 1676. | **Решение** за именување директор на Дирекцијата за храна............................. | 4 |
| 1677. | **Решение** за именување директор на Бирото за лекови.................................. | 4 |
| 1678. | **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам............................. | 4 |
| 1679. | **Решение** за именување директор на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја................................... | 4 |
| 1680. | **Решение** за именување директор на Управата за цивилно-воздушна пловидба...................................................... | 4 |
| 1681. | **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за транспорт | 4 |
| 1682. | **Решение** за именување директор на Управата за ветеринарство.................. | 4 |
| 1683. | **Решение** за именување директор на Управата за заштита на културното наследство............................................. | 5 |
| 1684. | **Решение** за именување директор на Бирото за јавни набавки........................ | 5 |
| 1685. | **Решение** за именување директор на Бирото за стоковни резерви................. | 5 |
| 1686. | **Решение** за именување директор на Управата за имотно-правни работи..... | 5 |
| 1687. | **Решение** за именување директор на Управата за јавни приходи.................. | 5 |
| 1688. | **Решение** за именување заменик на директорот на Управата за јавни приходи | 5 |
| 1689. | **Решение** за именување заменик на директорот на Дирекцијата за слободни економски зони................................ | 5 |
| 1690. | **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција............................................. | 6 |
| 1691. | **Решение** за именување директор на Државниот пазарен инспекторат......... | 6 |
| 1692. | **Решение** за именување директор на Државниот девизен инспекторат......... | 6 |
| 1693. | **Решение** за именување директор на Фондот за магистрални и регионални патишта - Скопје.................................. | 6 |
| 1694. | **Решение** за именување заменик на директорот на Фондот за магистрални и регионални патишта - Скопје............ | 6 |
| 1695. | **Решение** за именување директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола............ | 6 |

1696. **Решение** за именување директор на ЈП Службен весник на Република Македонија - Скопје.................................. 6
1697. **Решение** за именување в.д. директор на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија..................................................... 6
1698. **Решение** за именување директор на ЈП за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје.............................. 7
1699. **Решение** за именување државен секретар во Министерството за здравство..... 7
1700. **Решение** за именување државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.......... 7
1701. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... 7
1702. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... 7
1703. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... 7
1704. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... 8
1705. **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност.......................................................... 8
1706. **Одлука** за определување на регулиран максимален приход на АД ТЕЦ Неготино – Неготино за регулираниот период до 31 декември 2007 година 8

**Нотарска комора на РМ**

112. **Решение** за престанок на функцијата нотар...................................................... 8

**Огласен дел.......................................... 1-72**


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1666.**

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 58/2000 и 44/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 септември 2006 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА МИНИСТРИ

1. За заменици на министри во соодветните министерства се именувани:

- Илјаз Халими, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана,
- Рефет Елмази, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи,
- Сашо Василевски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда,
- Зоран Петров, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи,
- Предраг Трпески, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии,
- Киро Спанџев, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија,
- Перо Димшоски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Владимир Лазаревиќ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство,
- Јован Лазарев, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука,
- Ајдуван Мамудов, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика,
- Сенат Оџоски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа,
- Слободан Деспотовски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура,
- Скендер Палоши, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски и
- Соња Лепиткова, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3397/1
21 септември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски**, с.р.

---

**1667.**

Врз основа на член 20 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 септември 2006 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Собранието на Република Македонија има двајца потпретседатели.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3398/1
21 септември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски**, с.р.

---

**1668.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, член 227 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и член 3 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 85/2002 и 97/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 септември 2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА (ПС СЕ)

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа, се избираат:

а) за шеф на Делегацијата:
Оливер Шамбевски

б) за членови на Делегацијата:
Ружди Матоши и
Илинка Митрева

в) за заменици на членовите на Делегацијата:
Благој Зашов,
Игор Ивановски и
Андреј Жерновски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3399/1
21 септември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски**, с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1669.**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2005-Пречистен текст и „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1. За државен секретар во Министерството за надворешни работи се именува м-р Игор Илиевски, раководител на Одделението за поддршка на Кабинетот на министерот во Министерството за надворешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-4146/2
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1670.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Снежана Станковиќ се разрешува од функцијата генерален секретар на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-4170/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1671.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За генерален секретар на Владата на Република Македонија се именува Даниела Трајановска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-4171/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1672.**

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија се именува Аљиљ Сулемани, советник во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-4172/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1673.**

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Таип Елези се разрешува од функцијата заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-4173/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1674.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. За директор на Државниот завод за статистика се именува Благица Новковска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-4174/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1675.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

1. За директор на Државниот завод за геодетски работи се именува Љупчо Георгиевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4175/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1676.**

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ХРАНА**

1. За директор на Дирекцијата за храна, орган во состав на Министерството за здравство се именува д-р Станислава Лазаревска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4176/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1677.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЛЕКОВИ**

1. За директор на Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство се именува Илчо Захариев.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4177/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1678.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ**

1. За директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски се именува Жаклина Ангеловска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4178/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1679.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА**

1. За директор на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја, орган во состав на Министерството за локална самоуправа се именува Ресул Мемети.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4179/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1680.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЦИВИЛНО-ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА**

1. За директор на Управата за цивилно-воздушна пловидба, орган во состав на Министерството за транспорт и врски се именува Ернад Фејзулаху.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4180/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1681.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ**

1. За директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски се именува Бети Јанковска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4181/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1682.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО**

1. За директор на Управата за ветеринарство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се именува Дејан Рунтевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4182/1 Претседател на Владата
5 септември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1683.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

1. За директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура се именува Паско Кузман.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4183/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1684.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2004), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

1. За директор на Бирото за јавни набавки, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Маре Богева Мицовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4184/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1685.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ**

1. За директор на Бирото за стоковни резерви, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Гордана Ивановиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4185/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1686.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ**

1. За директор на Управата за имотно-правни работи, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Зоја Андреева Трајковска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4186/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1687.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. За директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Горан Трајковски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4187/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1688.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. За заменик на директорот на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Раметула Кучи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4188/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1689.**

Врз основа на член 51 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), а во врска со член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА СЛОБОДНИ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ**

1. За заменик на директорот на Дирекцијата за слободни економски зони се именува Мумин Сали.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4189/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1690.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА**

1. За директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија, се именува Бејтула Касами.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4190/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1691.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. За директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија, се именува Владимир Кочовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4191/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1692.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за Девизната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2004), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. За директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Дритан Рамадани.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4192/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1693.**

Врз основа на член 25 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002, 68/2004 и 31/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА - СКОПЈЕ**

1. За директор на Фондот за магистрални и регионални патишта - Скопје се именува Наташа Валкановска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4193/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1694.**

Врз основа на член 25 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002, 68/2004 и 31/2006) и член 14 од Статутот на Фондот за магистрални и регионални патишта, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ФОНДОТ ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА - СКОПЈЕ**

1. За заменик на директорот на Фондот за магистрални и регионални патишта - Скопје се именува Селајдин Мемеди.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4194/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1695.**

Врз основа на член 4 од Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА**

1. За директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола се именува Благој Ѓорѓиевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4195/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1696.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**

1. За директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија - Скопје се именува Тони Трајанов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4196/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1697.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија се именува Ивица Коневски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4197/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1698.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНСКА ПОШТА“ СКОПЈЕ

1. За директор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје се именува Садула Изаири.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4203/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1699.**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/2005 - Пречистен текст и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

1. За државен секретар во Министерството за здравство се именува Киро Салвани, државен советник во Министерството за здравство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4206/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1700.**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/2005 - Пречистен текст и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

1. За државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање се именува Дејан Пановски, раководител на Одделението за спроведување на проектот за заштита на Охридското езеро во Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4266/1
5 септември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**1701.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 26.06.2006 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Стеван Шапчевски, роден на ден 25.07.1962 година во Скопје со ЕМБГ 2507962450096.

2. Дозволата за работење на брокер на Стеван Шапчевски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Стеван Шапчевски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1060/4
26 јуни 2006 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**1702.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 26.06.2006 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Антонио Панев, роден на ден 20.08.1967 година во Свети Николе со ЕМБГ 2008967450101.

2. Дозволата за работење на брокер на Антонио Панев се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Антонио Панев престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1061/4
26 јуни 2006 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**1703.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 26.06.2006 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Драган Атанасовски, роден на ден 27.06.1960 година во Скопје со ЕМБГ 2706960450016.

2. Дозволата за работење на брокер на Драган Атанасовски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Драган Атанасовски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1062/4
26 јуни 2006 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**1704.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 26.06.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Виолета Симјановска, родена на ден 24.10.1963 година во Велес со ЕМБГ 2410963455020.

2. Дозволата за работење на брокер на Виолета Симјановска се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Виолета Симјановска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1063/4
26 јуни 2006 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**1705.**

Врз основа на член 9 и член 16 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 04.09.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

1. На Охридска банка АД Охрид се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – десетта емисија на 34.000 обични акции во вредност од 214.200.000 денари согласно Одлуката СО бр. 0201-1725/14 од 24.03.2006 година за издавање акции од десетта емисија на Охридска банка АД Охрид.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, ова решение и Одлуката СО бр. 0201-1725/14 од 24.03.2006 година за издавање акции од десетта емисија на Охридска банка АД Охрид.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен по истекот на рокот за користење на правото за првенствено купување на акциите да објави во најмалку еден дневен весник и да ја извести Комисијата за хартии од вредност за бројот на запишаните и уплатени акции од постојните акционери кои го искористиле правото за првенствено купување.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од истекот на рокот за реализација на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

8. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1306/6
4 септември 2006 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1706.**

Врз основа на член 19 алинеја 6, а во врска со член 22 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/06) и член 24 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија („Службен весник на РМ" бр. 95/04 и 5/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 18 септември 2006 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД НА АД ТЕЦ НЕГОТИНО – НЕГОТИНО ЗА РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА**

1. Регулираниот максимален приход на АД ТЕЦ Неготино – Неготино, кога е ангажирано од страна на АД МЕПСО – Скопје за производство на електрична енергија, моќност и системски услуги за безбедно и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем, со полн производствен капацитет во тек на седум последователни денови во текот на една календарска година, се утврдува да изнесува: 336.138.467,00 денари во 2006 година, односно 341.085.665,00 денари во 2007 година.

2. По исклучок од точка 1 на оваа одлука, регулираниот максимален приход на АД ТЕЦ Неготино– Неготино како производител на електрична енергија кога е ангажиран од страна на АД МЕПСО – Скопје, без производство на електрична енергија (ладна резерва), се утврдува да изнесува: 164.906.554,00 денари во 2006 година, односно 169.853.752,00 денари во 2007 година.

3. Ангажирањето на АД ТЕЦ Неготино – Неготино како производител на електрична енергија, моќност и системски услуги за безбедно и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем за потребите на тарифните потрошувачи од страна на АД МЕПСО – Скопје, се уредува со меѓусебен регулиран договор.

4. Во случај кога АД ТЕЦ Неготино – Неготино е ангажирано за потребите на друг корисник, регулираниот максимален приход утврден со оваа одлука ќе биде пропорционално намален за износот на трошоците настанати за време на неговото ангажирање за потребите на другиот корисник.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

Бр. 02-1315/1
18 септември 2006 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

---

**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**112.**

Врз основа на член 16 став 1 точка б) и став 2 од Законот за вршење на нотарски работи („Службен весник на РМ" бр. 59/96, 25/98 и 66/06), а во врска со член 17 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 5/2001, 50/2001, 85/2003, 50/2004 и 4/2005), член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 58/2000 и 44/2002), министерот за правда, на ден 29.08.2006 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА НОТАР**

Член 1

1. На лицето Божидар Христо Кочов му престанува функцијата нотар поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Решението влегува во сила од 01.09.2006 година.

Бр. 08-3251/2
30 август 2006 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622
2006100